ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
-ГРАДОНАЧАЛНИК-
Бр. 0901-278
08.11.2018 год.

Градоначалникот на општина Свети Николе објави Јавен повик за пријавување кандидати за полагање испит за добивање сертификат за авто такси возачи во општина Свети Николе.

**ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК**

Сертификатот за авто такси возач е документ кој авто такси возачот задолжително мора да го има во возилото и доколку овластениот општински инспектор при вршење на инспекциски надзор утврди дека врши авто такси превоз без возачот да поседува сертификат за авто такси возач, ќе поднесе предлог до градоначалникот на општина Свети Николе да донесе решение за трајно одземање на изводот од лиценцата за вршење на авто такси превоз на возилото со кое е сторен прекршокот.

Општина Свети Николе по објавување на Јавниот повик при изготвување или продолжување на нови лиценци за авто-такси превоз во општина Свети Николе како услов за истите ќе го бара и Сертификатот за авто-такси возачи и без него нема да издава лиценци за вршење на оваа дејност.

Кандидатите за полагање испит за добивање сертификат за авто такси возач треба претходно да завршат **обука за авто такси возач** од правно лица за вршење обука овластено од Градоначалникот на општина Свети Николе, за општина Свети Николе –Автосигурност- и за истата да им се издаде **потврда за завршена обука** . Датуми за спроведување на обуките се флексибилни ( предходно договорени термини со правното лице) во однос на слободните термини на правното лице.Трошоците за обуката и за издавање на сертификатот за авто такси возач во општина Свети Николе се на товар на пријавените кандидати за автотакси возачи.

**ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК**

Право на учество на јавниот повик имаат сите физички лица кои ги исполнуваат следниве услови :

1. Да поседуваат Потврда за завршена обука издадена од правно лице овластено од Градоначалникот на општина Свети Николе , за кое е издадено и Решение за давање согласност за трошковник од Градоначалникот на општина Свети Николе.

2. Да поседуваат возачка дозвола (Б категорија).

**ПОСТАПКА**

Лицата баратели за полагање за автотакси возачи поднесуваат

**Пријава** до едношалтерски систем Свети Николе , кај лицето Татјана Лазарова или да се преземе од интернет страната www.svetinikole.gov.mk)

Кон пријавата се доставува следнава документација:

1. Потврда за завршена обука за авто такси возач во општина Свети Николе, издадена од правно лице овластено за вршење обука од Градоначалникот на општина Свети Николе и за кое правно лице е издадено и Решение за добиена согласност за трошковник за полагање на испитот.

2. Копија од лична карта.

3. Копија од возачка дозвола (Б категорија).

**Датуми за одржување на испити за добивање сертификати за авто-такси возачи**

Датуми во тековниот(Ноември) и наредниот месец (Декември) 2018 година, на кои ќе се одржуваат испити за полагање за добивање на сертификат за авто такси возач се:

- Ноември 2018 година на (14, 21 и 28 );
- Декември 2018 година на ( 5, 12, 19 и 26 )

Сите наведени датуми се во ден ***Среда,*** а времето за полагање на испитот секогаш е ***13 часот***, и испитот ќе се одржува во просториите на техничката служба –Автосигурност – со седиште на улица Маршал Тито бб, 2220 Свети Николе.

Во случај на промена на датумот и на времето на одржување на некој од горенаведените закажани термини за испит, комисијата најмалку два дена пред закажаниот испит ќе ги извести пријавените кандидати за утврдените измени со новиот термин за испит.

**Рок за пријавување на кандидати за испит за добивање сертификати за авто-такси возачи**

Рокот за пријавување на кандидатите за полагање на испит за добивање на сертификат за авто такси возачи е најдоцна два дена пред закажаниот термин за одржување испит.

Возачот на такси возило прво треба да посетува обука во овластеното правно лице, па со потврдата за завршена обука ќе поднесе пријава за испит и врз основа на уверението за положен испит ќе може да поднесе барање за добивање на сертификат за авто-такси возач“

Датум. 09.11 .2018година

Свети Николе

Градоначалник

на Општина Свети Николе

М-р Сашо Велковски